This project is funded
by the European Union

Референтен број: 0507-193

**Предмет:**
Барање за доставување на понуди за обезбедување на услуга - изнајмување аудио опрема, симултан, знаковен и пишан превод и лектура, во рамки на проектот „Рамноправноста низ призма на статистиката". Проектот е финансиран од Европската Унија, преку програмата за грантови „Поддршка на граѓанското општество", во рамки на Европскиот инструмент за демократија и човекови права (ЕИДХР) 2021.

***Почитувани,***

Здружението Асоцијација за демократска иницијатива (АДИ), Ве поканува да доставите понуда за испорака на услуги - изнајмување аудио опрема, симултан, знаковен и пишан превод и лектура, во рамки на проектот „Рамноправноста низ призма на статистиката".

**5.1 Понудата треба да ги содржи следните елементи:**

- Тековна состојба не постара од 6 месеци;
- Прилог 1. Образец за преглед на реализирани услуги во последните 3 години;
- Прилог 2. Образец за финансиска понуда;
- Прилог 3. Образец за предложени преведувачи и соработници;
- Прилог 4. Изјава за непостоење на услови за исклучување на добавувач;
- Прилог 5. Изјава за ексклузивност и достапност на преведувачи, лекор и толкувач на знаковен јазик;
- Прилог 6. Кратка биографија на преведувачи, лектор и толкувач на знаковен јазик.

**Дополнителни прилози:** Најмалку 3 договори или препораки за слични работни ангажмани на добавувачот.

**Забелешка:* Проектите финансирани од ЕУ се ослободени од сите давачки, даноци и такси, вклучувајќи го и данокот на додадена вредност (ДДВ). Оттаму, единечните цени кои вклучуваат ДДВ нема да бидат прифатени.

Документацијата која се поднесува во копија треба да е заверена од добавувачот со печат и потпис од одговорното лице, со назнака „Верно на оригиналот".

Понудата се доставува во затворен коверт до архивата на Здружението Асоцијација за демократска иницијатива – АДИ (бул. Браќа Ѓиноски бр. 61, 1230 Гостивар). На надворешната страна на ковертот

наведете: ,,За тендер Реф. Бр. 0507-193“ позицијата за која аплицирате, експерт, и текстот "Да не се отвора пред сесијата за евалуација”. Докумените во понудата доставени по е-пошта треба да се скенирани и со печат и потпис од одговорното лице.

Во случај на доставување на понудата по електронски пат, целокупната скенирана документација се доставува на следната е-пошта: anastasija@adi.org.mk

Краен рок на доставување на понудите е 14 дена од објавување на повикот, но не подоцна од 14.08.2023, 16:00 часот.

Сите понудувачи кои доставиле понуди кои ги исполнуваат условите ќе бидат разгледани од страна на евалуционата комисија и соодветно известени. Понудите што ќе пристигнат по наведениот рок, како и оние кои не се изработени според условите на повикот, нема да бидат земени предвид.